РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1163/3
04-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 32-та седница одржана на ден 22.05.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предмет со број 12-3248/1 од 11.12.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за неправилно работење во Јавното претпријатие „------------------------------------------" -------------, **ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-3248/1 од 11.12.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Во ДКСК е оформен предмет со број 12-3248/1 од 11.12.2025 година, по пријава од непознат подносител, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконито работење на ЈП „-------------------------", поради тоа што одговорното лице во јавното претпријатие -----------------------, не извршил усогласување на пресметките на платите на вработените на јавното претпријатие со Колективниот договор бр.154 од 20.07.2023 година.
Во пријавата се наведува дека на вработените не им било исплатено К15-регрес за годишен одмор за 2023, 2024 и 2025 година иако што законски е задолжително исплата на истиот, како и дека на определни вработени на јавното претпријатие незаконски им било исплатено 15 % награда, иако што истие не извршиле дополнитени работни задачи.

Во насока на проверка на пријавените наводи, ДКСК достави барање за доставување на информација и документација до Државниот инспекторат за труд.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

На ден 29.04.2026 година, Државниот инспекторат за труд достави Известување заведено со бр.ИП1бр.-------------- од 16.04.2026 година, со кое го известува ДКСК дека постапката во врска со конкретниот предмет е во тек, односно дека за исплата на регресот од 2023 и 2024 година има жалба во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.
Што се однесува до наводите за исплата на регрес за 2025 година исто така постапката е во тек пред Државниот инспекторат за труд.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што постапува друг надлежен орган и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК